Банката може да ја спроведе постапката на директна наплата без претходна писмена информација добиена од корисникот и во случаи кога се работи за наплати за корисник резидент - физичко лице врз основа на пензии, плати, социјални примања, ренти и поврат на даноци од странство, доколку во известувањето за пристигнатата наплата добиена од странската банка јасно е наведено дека станува збор за наплати по овие основи добиени од нерезиденти - правни лица.

2. Во делот Б. ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО СТРАНСКИ ВАЛУТИ под II. ПЛАЌАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ:

Во точката 41 алинеја 9 зборовите: „кредитна пријава од" се заменуваат со зборовите: „известување за евидентирана кредитна работа во".

Во точката 49 став 2 зборовите: „согласносогласно со став 3" се заменуваат со зборовите: „согласно со став 2".

3. Во делот Г. ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО ДЕНАРИ:

Во точката 136 по ставот 1 се додава нов став 2 којшто гласи:

„По исклучок од став 1 на оваа точка, банката може да спроведе постапка на директна наплата без претходна писмена информација добиена од буџетскиот корисник, во случај кога се работи за наплата од нерезидент во денари врз основа на следниве јавни давачки:

- даноци и акцизи;
- споредни даночни давачки - парични казни и глоби, даночни казни, камата и трошоци за присилна наплата на данок;
- придонеси од задолжително социјално осигурување;
- царински и посебни увозни давачки;
- такси - судски и административни такси."

4. Во делот Д. ПОВРАТ НА НАПЛАТИ И ПЛАЌАЊА И СТОРНО:

Во точката 150 зборовите: „точка 148" се заменуваат со зборовите: „точка 149".

5. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

У. бр. 5013/1
4 ноември 2011 година
Скопје

Гувернер,
**Димитар Богов,** с.р.

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**3418.**

Врз основа на член 163 став 1 точка 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/2010, 156/2010, 24/2011 и 51/2011 ), а во врска со член 77 став 1 точка 3 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/94, 34/95, 53/97, 22/98, 46/99, 10/2002, 5/2004, 23/2004, 88/2004, 117/2008 и 22/2011), Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 19 септември 2011 година, ја донесе следната

### СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/94, 34/95, 46/99, 10/2002, 5/2004, 23/2004, 88/2004, 117/2008 и 22/2011) во член 11 став 3 алинејата 1 се менува и гласи:

"- да има висока стручна подготовка од правна, економска насока, општествени и природни науки;"

Во алинеја 2 зборовите: "по дипломирањето", се бришат.

Член 2

Оваа статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02 – 5126/2
19 септември 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ацо Стојанов,** с.р.